UDK 355/359 CODEN SMOOAM ISSN 1409-8199

МЕЃУНАРОДНО НАУЧНО СПИСАНИЕ

# СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА

MINISTRY OF DEFENCE
REPUBLIC OF MACEDONIA

CONTEMPORARY MACEDONIAN DEFENCE

Vol. 15, Number 29, 2015

29

VOL. XV

SKOPJE

DECEMBER 2015

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА | Год. | Број | Стр. | Скопје |
| | 15 | 29 | 1-146 | 2015 |
| CONTEMPORARY MACEDONIAN DEFENCE | Vol. | No | pp | Skopje |

МИНИСТЕРСВО ЗА ОДБРАНА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА
# CONTEMPORARY MACEDONIAN DEFENCE

ISSN 1409-8199
*e*-ISSN 1857-887X

Година 15, бр. 29, декември 2015 / Vol. 15, No. 29, December 2015

Skopje
December 2015



# СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА

Издавач:
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Министерство за одбрана
„СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА“
„Орце Николов“ 116 1000 Скопје
Телефони: 02 3128 276, 02 3113 527
Интернет адреса:
WEB на Министерството за одбрана:
http://www.morm.gov.mk/sovremena-makedonska-odbrana/

Списанието излегува два пати годишно.
ISSN 1409-8199
Скопје, декември 2015 година

Сите права се резервирани
Се забранува репродуцирање на публикацијата и нејзините делови, како и нивно трансформирање во разни медиуми: електронски, магнетни ленти, механичко фотокопирање, снимање и друго, без писмено одобрение на издавачот и авторите.

# CONTEMPORARY MACEDONIAN DEFENCE

Publisher:
**MINISTRY OF DEFENCE OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA**

Ministry of Defence
„CONTEMPORARY MACEDONIAN DEFENCE“
„Orce Nikolov“ 116 1000 Skopje
Tel.: 02 3128 276, 02 3113 527
Internet adress:
WEB of the Ministry of Defence:
www.morm.gov.mk/contemporary-macedonian-defence/
The magazine is published twice a year
ISSN 1409-8199
Skopje, December, 2015

All rights reserved
No part of this publication may be reproduced, stored in a retrieval system or transmitted in any form or by any means: electronic, electrostatic, magnetic tape, mechanical photocopying, recording or othewise, without permission in writing from the publisher and authors.

# СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА

МЕЃУНАРОДНО НАУЧНО СПИСАНИЕ НА
МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Д-р *Зоран* ЈОЛЕВСКИ, ***претседател на Издавачкиот совет***
Доц. д-р *Александар* ГЛАВИНОВ, полковник, ***главен и одговорен уредник***
Проф. д-р *Мухамет* РАЦАЈ, генерал мајор, ***заменик-главен и одговорен уредник***

***ИЗДАВАЧКИ СОВЕТ***
Проф. д-р *Орце* ПОПОВСКИ, *полковник, Воена академија, Скопје*
Проф. д-р *Росе* СМИЛЕСКИ, *полковник, Воена академија, Скопје*
Проф. д-р *Томе* БАТКОВСКИ, *Факултет за безбедност, Скопје*
Проф. д-р *Билјана* ВАНКОВСКА, *Институт за безбедност, одбрана и мир, Филозофски факултет, Скопје*
Проф. д-р *Методи* ХАЏИ-ЈАНЕВ, *полковник, Воена академија, Скопје*
Проф. д-р *Цане* МОЈАНОСКИ, *Факултет за безбедност, Скопје*
Доц. д-р *Ненад* ТАНЕСКИ, *потполковник, Воена академија, Скопје*
Доц. д-р *Жанет* РИСТОСКА, *Министерство за одбрана на РМ*
Д-р *Урим* ВЕЈСЕЛИ, *Центар за управување со кризи*

***МЕЃУНАРОДЕН УРЕДУВАЧКИ ОДБОР***
Проф. д-р *Лидија* ГЕОРГИЕВА, Република Македонија, ***претседател***
Проф. д-р *Арта* МУСАРАЈ, Република Албанија
Проф. д-р *Николај* ПАЛАШЕВ, Република Бугарија
Проф. д-р *Бејтуш* ГАШИ, Република Косово
Проф. д-р *Зоран* ДРАГИШИЌ, Република Србија
Доц. д-р *Абас* ЛЕШИ, бригаден генерал, Република Албанија
Доц. д-р *Ерик* КОПАЧ, Република Словенија
М-р *Лоренцо* ХИПОНИА, САД
Доц. д-р *Ирена* ЧУДОСКА БЛАЖЕВСКА, Република Македонија

***УРЕДУВАЧКИ ОДБОР***
Проф. д-р *Зоран* НАЦЕВ, *Институт за безбедност, одбрана и мир, Филозофски факултет, Скопје*
Доц. д-р *Билјана* КАРОВСКА АНДОНОВСКА, *ФОН Универзитет*
Проф. д-р *Ризван* СУЛЕЈМАНИ, *Државен универзитет – Тетово*
Проф. д-р *Тони* МИЛЕСКИ, *Институт за безбедност, одбрана и мир, Филозофски факултет, Скопје*
Проф. д-р *Оливер* БАКРЕСКИ, *Институт за безбедност, одбрана и мир, Филозофски факултет, Скопје*
Проф. д-р *Драге* ПЕТРЕСКИ, полковник, *Воена академија, Скопје*
Доц. д-р *Ненад* ТАНЕСКИ, потполковник, *Воена академија, Скопје*
Доц. д-р *Александар* ГЛАВИНОВ, полковник, *Воена академија, Скопје*
Доц. д-р *Димче* ПЕТРОВСКИ, генерал-мајор, *ГШ на АРМ*
Доц. д-р *Атанас* КОЗАРЕВ, *ЕУРМ, Скопје*
Доц. д-р *Жанет* РИСТОСКА, *Министерство за одбрана на РМ*
Проф. д-р *Методија* ДОЈЧИНОВСКИ, полковник, *Воена академија, Скопје*

**В.Д. секретар и лектура:** *доц. д-р Жанет* РИСТОСКА
**Технички уредник:** *Билјана* ИВАНОВА
**Компјутерска подготовка:** *Александар* АТАНАСОВ

# CONTEMPORARY MACEDONIAN DEFENCE

INTERNATIONAL SCIENTIFIC JOURNAL OF
THE MINISTRY OF DEFENCE OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

Dr. *Zoran* JOLEVSKI, ***President of the Publishing Board***
Doc. Dr. *Aleksandar* GLAVINOV, Colonel, ***Editor-in-Chief***
Prof. Dr. *Muhamet* RACAJ, Major General, ***Deputy Editor-in-Chief***

***PUBLISHING BOARD***
Prof. Dr. *Orce* POPOVSKI, Colonel, *Military Academy, Skopje*
Prof. Dr. *Rose* SMILESKI, Colonel, *Military Academy, Skopje*
Prof. Dr. *Tome* BATKOVSKI, *Faculty for Security, Skopje*
Prof. Dr. *Biljana* VANKOVSKA, Institute for Security, Defence and Peace, Faculty of Philosophy, Skopje
Prof. Dr. *Metodi* HADZI-JANEV, Colonel, *Military Academy, Skopje*
Prof. Dr. *Cane* MOJANOSKI, *Faculty for Security, Skopje*
Doc. Dr. *Nenad* TANESKI, *Lieutenant Colonel, Military Academy, Skopje*
Doc. Dr. *Zhanet* RISTOSKA, *Ministry Of Defence of RM*
Dr. *Urim* VEJSELI, *Crisis Management Center, Skopje*

***INTERNATIONAL EDITORIAL BOARD***
Prof. Dr. *Lidija* GEORGIEVA, Republic of Macedonia, ***President***
Prof. Dr. *Arta* MUSARAJ, Republic of Albania
Prof. Dr. *Nikolaj* PALASHEV, Republic of Bulgaria
Prof. Dr. *Bejtush* GASHI, Republic of Kosovo
Prof. Dr. *Zoran* DRAGISHIC, Republic of Serbia
Doc. Dr. *Abaz* LLESHI, Brigadier General, Republic of Albania
Doc. Dr. *Erik* KOPAČ, Republic of Slovenia
MA *Lorenco* HIPONIA, USA
Doc. Dr. *Irena* CHUDOSKA BLAZHEVSKA, Republic of Macedonia

***EDITORIAL BOARD***
Prof. Dr. *Zoran* NACEV, *Institute for Security, Defence and Peace, Faculty of Philosophy, Skopje*
Doc. Dr. *Biljana* KAROVSKA ANDONOVSKA, *FON University*
Prof. Dr. *Rizvan* SULEJMANIU, *State University of Tetovo*
Prof. Dr. *Toni* MILESKI, *Institute for Security, Defence and Peace, Faculty of Philosophy, Skopje*
Prof. Dr. *Oliver* BAKRESKI, *Institute for Security, Defence and Peace, Faculty of Philosophy, Skopje*
Prof. Dr. *Drage* PETRESKI, Colonel, *Military Academy, Skopje*
Doc. Dr. *Nenad* TANESKI, Lieutenant Colonel, *Military Academy, Skopje*
Doc. Dr. *Aleksandar* GLAVINOV, Colonel, *Military Academy, Skopje*
Doc. Dr. *Dimche* PETROVSKI, Major-General, *GS of the ARM*
Doc. Dr. *Atanas* KOZAREV, *EURM, Skopje*
Doc. Dr. *Zhanet* RISTOSKA, *Ministry Of Defence of RM*
Prof. Dr. *Metodija* DOJCHINOVSKI, Colonel, *Military Academy, Skopje*

**Acting Secretary:** Doc. Dr. *Zhanet* RISTOSKA
**Graphic Designer & Editor:** *Biljana* IVANOVA
**Technical Editor:** *Aleksandar* ATANASOV
**Proofreading and Editing:** MA *Elena* TRAJANOVSKA

## СОДРЖИНА:

Вања РОКВИЌ, Зоран ЈЕФТИЌ
**ТРОЈСТВОТО НА ЦИВИЛНО-ВОЕНИТЕ ОДНОСИ ВО РЕПУБЛИКА СРБИЈА: ДЕМОКРАТСКА КОНТРОЛА, ЕФИКАСНОСТ И ЕФЕКТИВНОСТ НА СРПСКИТЕ ВООРУЖЕНИ СИЛИ** ........................ 9

Фердинанд ОЏАКОВ, Зоран ИВАНОВ
**ЕКОНОМСКА ОПРАВДАНОСТ НАСПРОТИ ТРОШОЦИ ИМПЛИЦИРАНИ ОД ТЕРОРИСТИЧКИ НАПАДИ** ...............................25

М-р Борче ЧАМИНСКИ, Д-р Ненад ТАНЕСКИ
**ГЛОБАЛНИ ПРОМЕНИ ВО ГЕОПОЛИТИКАТА НА ЕНЕРГЕТСКИТЕ РЕСУРСИ, РИЗИЦИ И ПРЕДИЗВИЦИ ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** ........................................................................... 39

Александар ГЛАВИНОВ, Јован СТАНИКЕВСКИ
**НАМАЛУВАЊЕ НА РИЗИКОТ ОД ЕНЕРГЕТСКА КРИЗА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПРЕКУ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РАЗВОЈ НА ЕНЕРГЕТИКАТА** .................................. 47

Оливер БАКРЕСКИ, Драган ТРИВАН
**НАЦИОНАЛНИТЕ ИНТЕРЕСИ И НИВНА ЗАШТИТА** .............................57

Зорица САЛТИРОВСКА, Сунчица ДИМИТРИЈОСКА
**РОДОВАТА ДИМЕНЗИЈА НА СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** .......................................................................69

Оливера ИЊАЦ, Методија ДОЈЧИНОВСКИ
**СОВРЕМЕНИОТ ТЕРОРИЗАМ И ПРОПАГАНДА-ТРЕНДОВИ, МОДЕЛИ И ДИМЕНЗИИ** .................................................................................. 83

Кристина РАДОЈЕВИЌ, Александра ЉУШТИНА
**УЛОГАТА НА БЕЗБЕДНОСНАТА КУЛТУРА ВО ЗАШТИТАТА НА СНПП-МРЕЖИТЕ** ................................................................................ 95

Вида ПОПОВСКА КОЧИШКА
**ФОРМИРАЊЕ НА СУД ЗА ВОЕНИ ЗЛОСТОРСТВА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА КОСОВО: МЕХАНИЗАМ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ТРАНЗИЦИСКА ПРАВДА?** ....................................................................105

Златко КУЗМАНОВ

**ОБУКА И УСОВРШУВАЊЕ НА ВОЕНИОТ И ЦИВИЛНИОТ ПЕРСОНАЛ ВО СИСТЕМОТ ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - РЕЗУЛТАТИ ОД ИЗВРШЕНО ИСТРАЖУВАЊЕ ПО ПАТ НА АНКЕТА СО ПРАШАЛНИК-** ............................................................117

Мирјана МАНЕВСКА, Стоимен СТОИЛОВ

**УЛОГАТА НА ДИПЛОМАТСКО-КОНЗУЛАРНИТЕ ПРЕТСТАВНИШТВА ВО БОРБА ПРОТИВ САЈБЕР-ТЕРОРИЗМОТ НИЗ ПРИЗМАТА НА СОРАБОТКА СО ЗЕМЈАТА ВО КОЈА СЕ АКРЕДИТИРАНИ** ......................127

Валентина БЛАЖЕВСКА АНДОНОВСКА, Мухамет РАЦАЈ

**ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА И ПРОЦЕСИТЕ И ЗАКАНИТЕ КОИ ГИ НАМЕТНУВА** ........................................................................141

323.28–027.18:32.019.5(100)
Scientific article

# СОВРЕМЕНИОТ ТЕРОРИЗАМ И ПРОПАГАНДА-ТРЕНДОВИ, МОДЕЛИ И ДИМЕНЗИИ

**Оливера ИЊАЦ**[1]
**Методија ДОЈЧИНОВСКИ**[2]

**Апстракт:** *Терористичката пропаганда не е нова појава туку потекнува многу одамна како метод на политичката битка. Со текот на времето, терористичката пропаганда го менува профилот и начините за дејство. Сите видови медиуми им служат на терористите за нивната пропаганда. Порано, медиумите немаа толку големо влијание во ширењето на терористичката пропаганда, но денес тие и те како помагаат во нејзино пропагирање преку интернетот како глобална мрежа и ИТ технологиите.*
*Различните цели на терористичката пропаганда можат да бидат промовирани преку медиумите. Некои од најпопуларните цели на терористите кои се пренесуваат преку Интернет се ширење и оправдување на нелегални материјали итн. Ефектите од терористичката пропаганда може да се видат во општеството, т.е. ако граѓаните чувствуваат страв од тероризмот и терористичките дејства, кои се организирани на софистициран начин. Пропагандата се користи на интерно ниво за подобрување на терористичките цели и позиции, придобивање на нови членови и поддршка итн., како и во јавноста за зголемување на влијанието врз населението и растење на популарноста. Трендовите на терористичката пропаганда покажуваат дека низ времето, пропагандата имала најразлични форми и модели, а најновиот зазема огромни димензии поради предностите кои ги има, благодарејќи на новата технологија и медиумите, кои помагаат во промовирањето на терористичките активности.*
*Иднината на терористичката пропаганда е неизвесна, посебно ако се има предвид револуцијата од ИТ технологијата, која носи нови трендови и димензии на пропагандата и им овозможува на терористите да ги подобруваат нивните модели.*

**Клучни зборови**: *пропаганда, тероризам, интернет, медиуми*

## Вовед

Овој труд има за цел да ја прикаже еволуцијата на користење на пропагандата од страна на терористите како алатка која придонесува за ефективноста на дејствата и

[1] Авторот е доцент на Програмата за безбедносни студии на Универзитетот Доња Горица во Подгорица, Црна Гора

[2] Авторот е полковник, професор на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски"-Скопје,Република Македонија

помага во нивната поддршка. Тоа била основната намена на терористичката пропаганда, но денес, тоа значи многу повеќе и има значајно влијание врз пропагандата во целина.

Стремежот и целта на терористите за да го зголемат публицитетот и да ја придобијат поддршката за нивните задачи и цели, се клучни за да ја употребуваат пропагандата како таква.

Терористичките активности за креирање на пропагандата, имаат бесконечно различни форми и облици, што зависи од видот на тероризам. Историски гледано, развојот на тероризмот укажува на тоа дека, методите и начините на спроведување на терористичката пропаганда не се сменети со текот на времето.

Во сите нивоа на развојот на тероризмот, медиумите се користени за промовирање на терористичките цели, како и на јавно промовирање на терористичките дејства, со цел да се прошири стравот, да добијат поддршка, да ја зголемат јавната поддршка итн.

Токму затоа, главните области на анализирање, се фокусирани на теоретските и концептуалните рамки на разбирање на терористичката пропаганда, на основите на терористичката пропаганда, моделите на модерната терористичка пропаганда и новите трендови за кои терористите ја користат новата технологија.

Активностите на терористичката пропаганда еволуирале, а ефектите од неа се насекаде, пренесени преку рекламниот материјал со кој сме опколени и со брзиот развој на модерната технологија, чија главна тенденција е да влијае врз јавното мислење, што е и крајна цел е на пропагандата. Терористите станаа една од најголемите закани во последните две децении. Има неколку видови терористи кои имаат свој специфичен пристап кон пропагандата, но сите, без исклучок, се насилни, што е и карактеристика на пропагандата. Понекогаш, терористичките дејства се многу значајни, а последиците од нив се највлијателните пропагандни активности, како што е 9/11/2001, еден од најголемите терористички напади според бројот на жртви и материјална штета.

Новата ера на тероризам се потпира на новите технологии- интернет и социјалните мрежи кои се доста битни за пропагандата.

Тероризмот се карактеризира со организирани активности, изведени преку најразлични тактики и техники и главна намена - да се влијае врз јавноста, што е и главна планирана цел.

Некои експерти се обидуваат да го објаснат новиот тероризам кој е поврзан со големиот наплив на информации кои се менуваат во зависност од конфликтите на глобално ниво.[3]

Други објаснувања, од страна на M. Crenshaw, се дека се издвојуваат стратегиската и рационалната способност на тероризмот [4] и истото може да се смета за едно од основните методи на ектремистичките методи во политичката реалност.

Вилкинсон објаснува дека тероризмот е техника со која се предизвикува страв[5]. Затоа е важно да се кажат двете најважни карактеристики на тероризмот[6]:

[3] Arquilla, J., Ronfeldt, D.&Zanini, M. (2006), *Networks, Netwar, and Information-Age Terrorism* (in: Howard, R., Sawyer, R. (ed.), *Terrorism and Counterterrorism*, Contemporary Learning Series, USA, 2006),p.110

[4] Crenshaw, M. (2006), *The Logic of Terrorism: Terrorist Behavior as a Product of Strategic* Choice (in: Howard, R., Sawyer, R. (ed.), *Terrorism and Counterterrorism*, Contemporary Learning Series, USA, 2006), p.54-55

[5] Wilkinson, P.(2002), *Terorizam protiv demokracije,* Golden Marketing, Zagreb, p.93

[6] Gaćinović, R. (1994), *Terorizam i propaganda*, Mladost, Beograd,p.10

1. Политички намери и цели кои се основен елемент за спроведување на терористичкиот акт
2. Психолошки ефекти кои ги предизвикува тероризмот

Понатаму, Вилкинсон го дефинира „политичкиот тероризам"[7], како систематска употреба на насилство и страв за да се постигнат политичките цели и некои од карактеристиките на тероризмот, како што се: серија на убиства, повредувања или закани за да се реализираат политичките цели-сузбивање, создавање страв, принуда, заплашувања и напади кои се направени од непрофесионалци.

## Концептуални и теоретски рамки на терористичката пропаганда

Како средство за политичка борба, тероризмот секогаш се потпира на неколку елементи: јавна презентација на идеите и целите, предизвикување на страв, вршење насилство, зголемување на публицитетот, користење на најновата технологија итн. [8].

Со развојот и модернизацијата на општеството, се овозможува да се користат современи средства за развој на терористичката пропаганда, што е составен дел од модерниот тероризам, посебно тероризмот чија главна цел е религиозна.

Ганор нагласува дека современиот тероризам стана психолошка војна[9], бидејќи терористите се способни да ги постигнат целите без ниту еден напад, предизвикување на паника во јавноста, што може да е производ на ширењето закани преку медиумите (радио, ТВ интервјуа, видеа и други методи). Според негово мислење, современиот тероризам ја употребува човековата фантазија и за таа цел, ги употребува популарните методи на психолошка војна преку медиумите[10]. Почнувајќи од пропагандата, очигледно е дека служи за контролирање и влијание врз човековото однесување. Повикувајќи се на најпростата дефиниција за пропаганда, таа е форма на постојан и организиран вид на комуникација, која го вклучува создавањето, ширењето и репродукција на идеи, слики и пораки, кои имаат за цел да ги убедат и да влијаат врз активностите на поединци и на различни групи. Се смета дека корените на современата пропаганда датираат од периодот пред Првата Светска војна, кога беа спроведени јавни дискусии во САД, да се убеди нацијата, да влезе во војна.

Има неколку видови на пропаганда, но најпознати се политичката, економската и военатa пропаганда. Терористичката пропаганда има поинаков пристап, но сè уште користи исти начини за дејство. Во основа, во центарот на идеите на терористичката пропаганда е намерата да се привлече вниманието на јавноста и да се постигне публицитет, а за таа цел терористите користат медиуми со кои брзо се пренесуваат новостите.

Според Вилкинсон, тероризмот и медиумите се во „симбиотска врска", од која и двете страни имаат придобивки. „Во демократското општество, кога некој ќе каже

[7] Wilkinson, P. (1976), *Political Terrorism*, London: MacMillan, pp. 56

[8] Injac, O. (2001), Sociološki aspekti savremenog terorizma u Evropi, Čigoja štampa&UPNS, Beograd, p.25

[9] Ganor, B. (2002), *Terror as a Strategy of Psychological Warfare*, Institute for Counter Terrorism, p.1

[10] Ibid, p.2

’тероризам’, тој всушност кажува ’медиуми’. Тероризмот има длабока позадина и претставува вид психолошко оружје кое зависи од преносот на закани кон пошироката публика [11]. Вилкинсон дава објаснување дека терористите манипулираат со медиумите за нивните цели, главно, поради нивните 4 основни цели :[12]

1. промовирање на терористичките идеи и предизвикување на посилен страв кај публиката;
2. добивање поддршка од населението и светски публицитет за нивните цели, со појдовна точка-правда и победа;
3. спречување на каква било реакција на властите и силите за безбедност;
4. мобилизирање, поддршка и зголемување на бројот на потенцијални членови, со цел да се собере и обезбеди финансиска и друг вид поддршка и да се охрабрат за нови напади.

Брус Хофман укажува на тоа дека терористите имаат потреба од медиумско промовирање, а пропагандата е наменета за да ја привлече пошироката јавност и за самопромовирање, а врз основа на двете, пропагандата, како таква, претставува комуникациски процес[13]. Како метод употребен од терористите, пропагандата е позната уште од руската организација „Народна волја“, кога почнале пропагандни активности, а бил поставен и постулат „пропаганда на дело“ [14], што всушност значи дека спровеле насилни дејства во пошироката јавност што било за нивна промоција и ширење на влијание. Хофман се обиде да ја објасни специфичноста на современата терористичка пропаганда, преку дефиниција на Институтот за пропагандна анализа: „ пропаганда е изразување на опции или дејства кои се вршат намерно од страна на поединец или група со намера да влијаат врз дејствата на други поединци или групи за предодреден крај и преку психолошка манипулација“.[15]

Едни од најважните причини за терористичка пропаганда е да се добие легитимност во јавноста и да се создаде притисок врз обележаната публика.

Според проучувањето на Мејер за пропагандата, овие се најважни цели на терористичката пропаганда[16]: дистрибуирање на забранети информации и добивање поддршка, да ја привлечат означената публика и да влијаат врз нивниот ум и однесување, и да обезбеди услови за извршување на терористичките намери и идеи. Нема сомневање, дека терористите се обидуваат да комуницираат преку

---

[11] Wilkinson, P.(2002), *Terorizam protiv demokracije,* Golden Marketing, Zagreb, p.189

[12] Ibid, p.192

[13] Hoffman, B. (2006), *Inside Terrorism* (revised and expanded edition), Columbia University Press, NY, p.198

[14] Hofman, B. (2000), *Unutrašnji terorizam*, ALFA, Beograd, p.13

[15] Hoffman, B. (2006), *Inside Terrorism* (revised and expanded edition), Columbia University Press, NY, p.345p

[16] Meyer, C. (1991), *Underground voices: Insurgent Propaganda in El Salvador, Nicaragua and Peru*, RAND Corporation, p.2

пропагандата и да испраќаат однапред одредени пораки до саканата публика[17]. Меѓутоа, според Хофман, намената на терористичката пропаганда може да биде стратегиски водена и тактички имплементирана, што зависи од неколку аспекти и карактеристики:

– пропагандата може да биде за зголемување на бројот на информациите, учење и подигање на свеста, а може да биде и поддршка како материјално и финансиски, така и духовно;
– пропагандата може да биде употребена и како врaботување за терористите;
– пропагандата има тенденција да влијае и да направи притисок врз политичките и безбедносните мерки за борба против тероризмот;
– пропагандата со внатрешно влијание или „автопропаганда“, има за цел да ја зајакне терористичката организација однатре.

Терористичката пропаганда употребува агресивни методи за добивање на битките, посебно сега, кога тероризмот е со светски размери.

## Почетоци на користење на терористичката пропаганда

Функциите и влијанија на терористичката пропаганда во минатото и денес значително се разликуваат, главно во методите, начините и средства за работа, а помалку во улогата и целите на самата пропаганда. За целиот период на постоење, терористичката пропаганда има за цел да наметне свое влијание, кое е фокусирано кон општеството како такво, но и да воспостави контрола врз своите следбеници и врз целокупното население.

Хофман укажува на тоа дека во минатото се користеле застарени методи на дејство на пропагандата - три вида средства на ширење на пропагандата во општеството [18]:

1. тајни радиостаници кои биле под контрола на бунтовниците;
2. сите видови на нелегални публикации-весници,постери,флаери итн.;
3. средства за масовна комуникација (пр.ТВ,радио и печатени медиуми).

Гледајќи наназад, терористичката пропаганда имала најразлични форми со кои ја манифестирала сопствената сила. Пристапот на Хофман, една од најекстремните форми на терористичката пропаганда, позната како „пропаганда на дело“, е користена од страна на анархистите во 19 век[19]. Оваа форма била промовирана од страна на екстремистот, италијанскиот политичар, Карло Пискано, кој ги промовирал идеите на пропагандата за вршење на насилство, не само за да се привлече вниманието на јавноста или да се стекне популарност, туку за да се информираат, едуцираат и соберат бунтовници и маса луѓе кои ќе им дадат поддршка[20].

---

[17] Hoffman, B. (2006), *Inside Terrorism* (revised and expanded edition), Columbia University Press, NY, p.199

[18] Ibid, p.199

[19] Hoffman, B. (2006), *Inside Terrorism* (revised and expanded edition), Columbia University Press, NY, p.5

[20] Ibid, p.5

Овој принцип „пропаганда на дело", бил воведен и од анархистичката организација во Русија во 19 век, но под друго име. Организацијата „Народна волја" имала тотално различен пристап за пропагандата на дело, во неа членови биле само посебно одбрани личности и тоа не било какви, туку со политичка моќ, како на пр. Царот, членови на кралско семејство, владини претставници[21]. Најголемиот акт извршен од страна на оваа организација е атентатот на рускиот цар Александар II во 1881 год., за подоцна да биде преземено од други терористички организации. Како што наведуваат, анархистите сфатиле дека вршењето насилство всушност им донесува публицитет[22]. Хофман наведува дека „пропагандата на дело" е од стратегиско значење, која се состои од модел кој подоцна ќе биде применуван од другите терористички организации [23]. Подоцнежната употреба на оваа форма на пропаганда во 20 век, како оправдување за убиствата на голем број невини лица, е со објаснување дека нема друг избор и дека овој вид на насилни дејства обезбедуваат голем степен на публицитет.

Во текот на 19 век, убиствата и друг вид на насилни дејства се вршени за да се спроведе политичка револуција, што е и пример за терористичка пропаганда, а овие револуционерни карактеристики се задржале сè до Првата светска војна.

Периодот меѓу двете светски војни, посебно по 1930-тите и за време на Втората Светска војна, е означен како период на воена пропаганда. Терористичката пропаганда во 20 век, делумно имала револуционерни и бунтовнички карактеристики, во основа поради идеолошкиот тип и етно-национален тероризам. Крајот на 20 и почетокот на 21 век, терористичката пропаганда се карактеризира со друга примена и последици, не само со методи, туку и со пошироки димензии на употреба. Најголемиот пример за методот „пропаганда на дело" е терористичкиот напад во 2001 год. Во Њујорк и Вашинтон, кога загинаа околу 3000 невини лица.

## Современите модели на терористичката пропаганда

Интернетот стана ефикасна алатка за терористичката пропаганда, бидејќи им дава прилика директно да го дистрибуираат материјалот за нив[24]. Современите модели на терористичката пропаганда налагаат да се користи Интернет и другите медиуми за масовно информирање и имаат различни форми и цели на терористичките акции[25], но сега, тоа е насочено да се стекне поддршка преку ширење на терористички материјали, промоција на одредено однесување на терористичките цели (пр.насилни дејства).

Пропагандата која е спроведена преку Интернет од терористите покрива бројна публика.

Терористичката пропаганда има неколку типа на публика, што е интересен феномен. Таа може да биде насочена кон потенцијални или актуелни поддржува-

21 Ibid, p.5

22 White, Dž. (2004), *Terorizam*, Alexandria Press, Beograd, p.321

23 Hoffman, B. (2006), *Inside Terrorism* (revised and expanded edition), Columbia University Press, NY, p.7

24 Ibid, p.202

25 UNDOC (2012), *The Use of the Internet for Terrorist Purposes*, United Nations, NY

чи, противници на идеите, следачи на екстремните идеи и цели, кон директни или индиректни жртви на чинот на тероризмот или кон светското општество воопшто. Пропагандата насочена кон потенцијалните или актуелните поддржувачи е со акцент за нивно регрутирање, радикализација и охрабрување да извршат тероризам.

Исто така, овој тип на пропаганда е користен за да се демонстрираат карактеристиките на терористичкиот напад на оние кои обезбедуваат финансиска или било каква друга поддршка за тероризмот.

Преку ширењето на дезинформации, закани и слики од насилни дејства, терористите се обидуваат да создадат страв и паника во општеството. Поради многуте цели на терористичката пропаганда, од манипулација до политички краеви, има неколку различни видови на методи и тактики кои терористите ги користат[26].

Една од најупотребуваните цели на денешницата од страна на терористичката пропаганда е психолошката манипулација на јавноста за да се влијае на умот и да се верува во промените. Понатаму, главна цел на пропагандата се процесите на регрутација и радикализација што е наменето за одреден дел од населението. Во тој поглед е важно да се изврши притисок од страна на терористите врз ранливите социјални категории, кои може да бидат плодна земја за целите на пропагандата. Во водењето на пропагандата, терористите користат неколку модели на акција. Некои од современите модели на терористичката пропаганда се:

***А) Ширење на идеи и средства како модел на терористичката пропаганда - служи како модел за стекнување поддршка***

Терористичката пропаганда е наменета за ширење на радикални идеи и убедувања, но исто така дава и насоки, упатства и признанија на нивните следбеници и поддржувачи. За време на развојот на Интернет развојот,терористичката пропаганда може да се потпре на мултимедијалната комуникација со која ги промовира идеолошки и практично, со инструкции, објаснувања, промоција и оправдување на терористичките активности. Терористите се многу креативни кога се работи за користење на интернетот за овој вид пропаганда, нејзино развивање како модел за виртуелни пораки, презентации, магазини, аудио и видео документи, како и развивање на видео игри.

Важно е да се нагласи дека ширењето на некои форми на средства, генерално кажано, не е забрането и може да биде разберено како основно право на човекот за слобода на говор и слобода на изразување, кои се гарантирани со меѓународното право.

Овие две права гарантираат на секоја индивидуа да ги искаже своите гледање или да ги дистрибуира материјалите кои може да се сметаат за прави или се осудени од другите.

Меѓутоа постојат исклучоци при ширењето на терористичките средства, кога тие со закон се забранети, т.е. кога тие ја загрозуваат националната безбедност или го охрабруваат населението за вршење насилство.

---

[26] Ibid, p.3

***Б) Насилството како модел на терористичката пропаганда - еден од најстарите модели на пропагандата***

Голем е спектарот на активности кои терористите ги преземаат на интернет[27], со цел да се промовира пропагандата на насилство. Преку интернет се дистрибуираат видеа на кои е прикажано насилни дејства, со цел да се зголеми стравот и да се потсети населението за нивните брутални методи на мачење (видеа од ИСИС на кои е прикажана егзекуција со сцени на кои е прикажано сечење на глави на одредени личности итн.).

Пропагандата преку Интернет може да вклучува и „смешно" промовирање, како на пр. видеоигри, кои се направени од страна на терористичките организации со цел да се прикажат акции на тероризмот и да се охрабри корисникот да се ангажира за виртуелни терористички активности. Како пример, битно е да се спомене дека социјалните мрежи се користат за заплашување и регрутирање на „потенцијалните џихадисти", за да се придружат на ИСИС[28].

***В) Промовирање на екстремистичкиот говор и радикализација - им помага на терористите да ги шират екстремистичките и радикални идеи***

Екстремистичкиот говор е промовиран од страна на терористите за да се охрабрат луѓето да се придружат на екстремистичката организација и да бидат подготвени да учествуваат и да раководат со насилни терористички дејства. Тоа придонесува да се зголеми трендот на радикализација меѓу поддржувачите и населението или низ целото општество каде екстремистичките идеи ќе бидат ширени[29].

Популарните алатки за дистрибуција на содржината се компакт-дискови и дигитални видео дискови, но поголемиот дел се дистрибуира преку широк спектар на интернет алатки, како на пр. веб-сајтови, виртуелни чат-соби и форуми, онлајн-магацини, социјални мрежи (Твитер и Фејсбук[30]) или преку популарни видеа и документи кои се прикажуваат на веб-сајтови (Јутуб) итн.

## Трендови на терористичка пропаганда и нови медиуми

Новите трендови на терористичката пропаганда се базирани на развојот на ИТ технологијата и алатките, како и новите медиуми. Некои од нив се многу популарни и многу често се користени од страна на различни терористички групи, кои прават рамка за анализа на нови форми на пропаганда. Најчесто, терористите го користат

[27] Council of Europe (2007), *Cyberterrorism – the Use of the Internet for Terrorist Purposes*, Strasbourgh

[28] Liang, C.S. (2015), *Cyber Jihad: Understanding and Countering Islamic State Propaganda*, GCSP Policy Paper, Geneva Centre for Security Policy, Geneva, p.5

[29] Stahelski,A.(2005), *Terrorists Are Made, Not Born*: *Creating Terrorists Using Social Psychological Conditioning*, *Cultic Studies Review, Vol. 4, No. 1,* Washigton DC,p.1

[30] Ibid, p.5

интернетот за ширење на пораки и да се направи влијание[31], врз основа на целта на пропагандата. Интернетот како таков, има позитивна улога, но исто така е употребен и за нелегални активности, како на пр. сајбер-тероризам или други терористички активности[32]. Интернетот е прифатен како идеално подрачје за активностите на терористичките групи, поради следните причини:

- лесен пристап;
- мала или воопшто нема регулација, цензура или други форми на контрола од страна на владините служби;
- потенцијалните следбеници се низ целиот свет;
- анонимност при комуницирањето;
- брз проток на информации;
- ефтин развој и ажурирање на податоците на веб страните;
- мултимедијална средина(можноста за комбинирање текст, графика, аудио и видео и да се дозволи на корисниците да се симнуваат филмови, песни, книги итн.)
- можноста за покриеност на традиционалните медиуми за масовно уништување, кои го користат интернетот како средство за приказни.

Интернетот им ја овозможува на терористите и екстремистите истата прилика и способност како што е за остатокот на општеството: да комуницираат, соработуваат и убедуваат. Авторитетите на Велика Британија го препознаа интернетот како подрачје „каде многу типови на радикални погледи се строго промовирани“[33].

Терористите го користат интернетот за многу илегални цели, кое вклучува јавни провокации, радикализација, поттикнување, пропаганда или идеализација на терористите, обука(учење), планирање и организирање на терористички активности.

Хофман изјавил дека во 1990-тите и покасно, интернетот бил многу корисен домен и алатка за терористичкото општество и е користен за две цели [34]:

1. надворешни - користено за пропаганда и други терористички цели;
2. внатрешни - користено за воспоставување команда, контрола и информативни цели.

Исто така, социјалните медиуми, како најпопуларен домен на модерната комуникација, станаа алатка за терористичка комуникација, а главната предност е тоа што терористите комуницираат преку отворени канали. Терористите ги користат социјалните медиуми за ширење на материјали со насилна содржина и да започнат процес на пронаоѓање нови регрути, а посебно да се грижат за радикализацијата како

[31] Council of Europe (2007), *Cyberterrorism – the Use of the Internet for Terrorist Purposes,* Strasbourgh, p.15

[32] Ibid, str.15

[33] The United Kingdom's Strategy (2006), *Countering International Terrorism*, UK Home Office, London, p.10

[34] Hoffman, B. (2006), *Inside Terrorism* (revised and expanded edition), Columbia University Press, NY, p.202

процес со кој индивидуата или групата ќе присвои повеќе екстремистички идеали и аспирации, кои можат да доведат до насилство и екстремни дејства.

Експертите истакнуваат дека однесувањето на терористите овозможува да се организираат синхронизирани напади, како што е на американската амбасада во 1998 или најпопуларниот пример за терористички напад е планираниот напад 9/11 во САД, што беше овозможено со ИТ технологијата [35]. Како што е наведено во анализата на Кронин за терористичките средства, во симултаните напади има многу жртви и распространетост за дејство на терористичките напади кои се изградени со интернет комуникацијата, но корените на екстремистите се засадени низ веб сајтовите и видеата кои се валидни низ цел свет [36].

Најпопуларните средства кои се користат од страна на терористите за радикализација и ширење на екстремистичките идеали, кои можат да бидат свртени за терористички дејства, се различни видови на социјални медиуми (пр.социјални мрежи, блогови, бизнис мрежи, форуми, форуми за слики,итн.)

Тука се неколку форми како терористите ги злоупотребуваат социјалните мрежи за сопствени цели [37]:

- ширење на нелегални содржини, заканувања и терористички напади;
- поттикнување, рекламирање и величање на тероризмот;
- собирање средства и финансирање на тероризмот;
- обука за тероризам;
- регрутирање за потребите на терористичките организации;
- ширење на расизам и ксенофобични материјали;
- други употреби за интерна комуникација, стекнување на информации и анализа.

Новите трендови на терористичката пропаганда кои се реализирани преку новите медиуми, дефинитивно ја сменија природата на терористичките активност и со нив се зголеми ефикасноста на терористичките напади.

## Заклучок

Ако го погледнеме развојот на терористичката пропаганда во последните две децении, ќе видиме дека нема големи промени. Најбитната промена е поврзана со димензиите на пропагандата што во моментот се од светски рамки поради можностите кои ги нуди интернетот и употребата на модерната ИТ технологија. Терористите ги користат сите поволности кои ги нуди интернетот и е речиси незамисливо да терористичките групи не се присутни на социјалните мрежи, како „Фејсбук“, „Твитер“

[35] Cronin,A.K. (2006), *Behind the Curve: Globalization and International Terrorism* (in: Howard, R., Sawyer, R. (ed.), *Terrorism and Counterterrorism*, Contemporary Learning Series, USA, 2006), p.77

[36] Ibid, p.77

[37] Council of Europe (2007), *Cyberterrorism – the Use of the Internet for Terrorist Purposes,* Strasbourgh, p.33-38

итн. Терористичките групи имаат нивни сопствени веб сајтови и профили на социјалните мрежи од каде комуницираат со приврзаниците и ги прикажуваат видовите на пропаганда.

Значењето на терористичката пропаганда има тотално погрешна конотација во општеството во 21 век, бидејќи во едно информатичко општество, луѓето се изложени на многу ризици. Тоа е предноста која ја имаат терористите со која лесно можат да ги постигнат зацртаните цели, бидејќи новата технологија ја поддржува реализацијата на терористичките цели.

Дефинитивно, ризикот од тероризам е многу поголем во новата ИТ ера и пропагандата придонесува за тоа. Имајќи предвид колку моќна може да биде терористичката пропаганда, базирана на ИТ технологија и интернет можностите, и како тоа ги засилува ефектите врз тероризмот, тогаш тоа е голем проблем, како да се воспостави стратегија на пропагандата.

Современиот модел на терористичката пропаганда ни покажува дека пропагандата не служи само за ширење на основните идеи или да ги охрабрува следбениците, како што било во минатото, туку и да пропише и да промовира пошироки димензии за терористичките цели. Овој случај е карактеристичен за ерата на екстремен терориризам, познат по терористичкиот напад во САД 2001.

Тероризмот стана екстремно опасен, а пропагандата создава поддршка и го подготвува теренот за акција[38]. Двете најбитни карактеристики на современиот тероризам, кои ја објаснуваат нивната способност за користење на пропагандата се: прво, вршат закани и насилство врз цивилите, вршат влијание врз однесувањето на цивилите за да им служат на интересите на терористите[39].

Тоа е очигледно според новите трендови во пропагандата, односно дека ќе биде едно од најважните крилја на тероризмот и дека терористите се подготвени да ги користат сите релевантни методи и алатки во иднина за да ја подобрат пропагандата која им овозможува да стигнат до целта.

**ЛИТЕРАТУРА:**


1. Arquilla, J., Ronfeldt, D.&Zanini, M., *Networks, Netwar, and Information-Age Terrorism (*2006)(in: Howard, R., Sawyer, R. (ed.), *Terrorism and Counterterrorism*, Contemporary Learning Series, USA, 2006), p.107-129
2. Crenshaw, M. (2006), *The Logic of Terrorism: Terrorist Behavior as a Product of Strategic* Choice (in: Howard, R., Sawyer, R. (ed.), *Terrorism and Counterterrorism*, Contemporary Learning Series, USA, 2006), p.54-66


[38] Richard Falk explained great terrorist war, can be relied on that type of action and named that form of terrorism „megaterrorism“ (see: Folk, R. (2003), *Veliki teroristički rat*, Filip Višnjić, Beograd, p.88)

[39] Victoroff, J. (2005), *The Mind of the Terrorist: A Review and Critique of Psychological Approaches*, The Journal of Conflict Resolution, Vol. 49, No. 1 (Feb., 2005), p.4

3. Wilkinson, P. (2002), *Terorizam protiv demokracije,* Golden Marketing, Zagreb
4. Wilkinson, P. (1976), *Political Terrorism,* London: MacMillan
5. Injac, O. (2011), *Sociološki aspekti savremenog terorizma u Evropi*, Čigoja štampa&UPNS, Beograd
6. Ganor, B. (2002), *Terror as a Strategy of Psychological Warfare*, Institute for Counter Terrorism
7. Hoffman, B. (2006), *Inside Terrorism* (revised and expanded edition), Columbia University Press, NY
8. Hofman, B. (2000), *Unutrašnji terorizam*, ALFA, Beograd
9. Meyer, C. (1991), *Underground voices: Insurgent Propaganda in El Salvador, Nicaragua and Peru*, RAND Corporation
10. UNDOC (2012), *The Use of the Internet for Terrorist Purposes*, United Nations, NY
11. Council of Europe (2007), *Cyberterrorism – the Use of the Internet for Terrorist Purposes,* Strasbourgh
12. Liang, C.S. (2015), *Cyber Jihad: Understanding and Countering Islamic State Propaganda*, GCSP Policy Paper, Geneva Centre for Security Policy, Geneva
13. The United Kingdom's Strategy (2006), *Countering International Terrorism*, UK Home Office, London
14. Cronin,A.K. (2006), *Behind the Curve: Globalization and International Terrorism* (in: Howard, R., Sawyer, R. (ed.), *Terrorism and Counterterrorism*, Contemporary Learning Series, USA, 2006), p.67-88
15. Folk, R. (2003), *Veliki teroristički rat*, Filip Višnjić, Beograd
16. Gaćinović, R. (1994), *Terorizam i propaganda*, Mladost, Beograd
17. White, Dž. (2004), *Terorizam*,Alexandria Press, Beograd
18. Stahelski,A.(2004), *Terrorists Are Made, Not Born*: *Creating Terrorists Using Social Psychological Conditioning*, Cultic Studies Review, Vol. 4, No. 1, Washigton DC
19. Victoroff, J. (2005), *The Mind of the Terrorist: A Review and Critique of Psychological Approaches*, The Journal of Conflict Resolution, Vol. 49, No. 1 (Feb., 2005), pp. 3-42

The magazine published twice a year

www.morm.gov.mk/contemporary-macedonian-defence/

29

СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА

CONTEMPORARY MACEDONIAN DEFENCE

29

ВАЊА РОКВИЌ, ЗОРАН ЈЕФТИЌ

ФЕРДИНАНД ОЏАКОВ, ЗОРАН ИВАНОВ

БОРЧЕ ЧАМИНСКИ, НЕНАД ТАНЕСКИ

АЛЕКСАНДАР ГЛАВИНОВ, ЈОВАН СТАНИКЕВСКИ

ОЛИВЕР БАКРЕСКИ, ДРАГАН ТРИВАН

ЗОРИЦА САЛТИРОВСКА, СУНЧИЦА ДИМИТРИЈОСКА

ОЛИВЕРА ИЊАЦ, МЕТОДИЈА ДОЈЧИНОВСКИ

КРИСТИНА РАДОЈЕВИЌ, АЛЕКСАНДРА ЉУШТИНА

ВИДА ПОПОВСКА КОЧИШКА

ЗЛАТКО КУЗМАНОВ

МИРЈАНА МАНЕВСКА, СТОИМЕН СТОИЛОВ

ВАЛЕНТИНА БЛАЖЕВСКА АНДОНОВСКА, МУХАМЕТ РАЦАЈ

СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА